Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2458/1 од 11.09.2025 година, оформен по доставена пријава во врска со 15 лица ангажирани во ---- при Министерството за ----, со склучен договор за дело, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се утврдени елементи на коруптивни дејствија во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставаат на понатамошно постапување до Министерството за ----.

Предметот со бр. 12-2458/1 од 11.09.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 11.09.2025 година, поднесена е пријава во врска со 15 лица ангажирани во ---- при Министерството за ---- (понатаму: Работодавач), со склучен договор за дело и оформен е предмет бр. 12-2458/1 од 11.09.2025 година.
Подносителот наведува дека 15 лица биле ангажирани од работодавачот, со склучен договор за дело, од кои само три лица доаѓале на работа. Некои од нив дури и биле надвор од државата, а земале плата.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК во два наврати се обрати до Државниот инспекторат за труд на РСМ (понатаму: Инспекторат), со цел вршење на инспекциски надзор согласно нивната надлежност.

Во законски утврдениот рок, од страна на Инспекторатот е доставен допис во кој се наведува дека на ден ---- година, бил извршен вонреден инспекциски надзор над работодавачот, при што била утврдена следната фактичка состојба:

Работодавачот до Министерство за финансии има поднесено барање бр. ---- од ---- година за ангажирање на лица со договор на дело. Министерство за финансии со известување бр. ---- од ---- година го известил работодавачот дека согласно член 9 од Закон за трансформација во редовен работен однос се обезбедени финансиски средства за ангажирање на 15 лица со договор на дело за период до ---- година.
Од увидот на доставената документација било утврдено дека работодавачот има склучено договор на дело со следните лица: ----.

При дополнителниот инспекциски надзор извршен на ден ---- година, по барање на ДКСК, Инспекторатот утврдил дека работодавачот за лицата ангажирани на работа со договор на дело за ---- година водел посебна евиденција за работното време на мануелен начин, а за работниците со кои имаат засновано редовен работен однос води електронска евиденција за работното време.
При надзорот извршен на ден ---- година, работодавачот не приложил доказ какви работни задачи извршиле ангажираните лица на договор на дело за ---- година.

Од анализирањето на предметните наводи и документација извршено од страна на ДКСК, произлегува следната фактичка состојба:

*Според член 46 став 1 од Законот за вештачење (понатаму: Закон) („Службен весник на Република Северна Македонија",бр. 154/2023), Бирото за процена (во натамошниот текст: Бирото) е орган на државна управа во состав на Министерството за правда, со својство на правно лице.*
*Според став 2 од истиот член, Бирото врши стручни работи од областа на процената во согласност со одредбите од Законот за процена.*
*Според член 60 став 1 од Законот, надзор над примената на одредбите од овој закон врши Министерството за правда.*

Видно од доставената документација во прилог на горенаведениот допис, работодавачот бил известен од страна на Министерството за финансии дека се обезбедени финансиски средства за ангажирање на 15 лица со договор на дело за период до ---- година. Дополнително, за истите лица работодавачот водел посебна евиденција за работното време на мануелен начин.

Во однос на недоставувањето на доказ за тоа какви работни задачи извршиле ангажираните лица на договор на дело за ---- година, ДКСК согласно пропишаното во одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да ја утврдува, и да врши надзор на оправданоста за ангажирање на лицата. Поради тоа надлежна институција за надзор над примената на Законот за вештачење е Министерството за ----.

Оттаму, постапката пред ДКСК ќе се запре и предметот ќе се достави за понатамошно надлежно постапување на Министерството за ----.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б. член на ДКСК